Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

28 Мај, 2024 година

Архивски број : 67-618/7

Предмет: Известување за јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW „Сол 2“, на дел од К.П.бр.11/9, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, општина Новаци

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23), Министерството за транспорт и врски го става на увид на јавноста Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 10MW „Сол 2“, на дел од К.П.бр.11/9, м.в.„Големо Брдо“, К.О.Арматуш, општина Новаци, изработен од „Биро за урбанизам“ дооел, Битола со тех. број У-76/22 од февруари 2024 година.

Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 29.05.2024 до 13.06.2024 година. Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk
- vesna.markovska@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Александар Карангелов, диа
Помошник раководител на Сектор за уредување на простор

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk